**20240741575**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 28 март 2024 година.

Бр. 08-2161/1
28 март 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Член 1

Во Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ број 184/13 и 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 63/24), во член 28-а ставот (4) се менува и гласи:

„На дневните печатени медиуми кои се издаваат на македонски јазик им се доделуваат средства во висина од 50% за направените трошоци за печатење и во висина од 50% за направените трошоци за дистрибуција, а на дневните печатени медиуми кои се издаваат на јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат припадниците на заедниците кои се најмалку 20% или помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија загарантирани со Уставот, во висина од 70% за направените трошоци за печатење и во висина од 70% за направените трошоци за дистрибуција. Средства во висина од 70% за направените трошоци за печатење и 70% од направените трошоци за дистрибуција ќе им се доделат и на неделните, месечните и локалните печатени медиуми, согласно со доставените фактури за претходната календарска година.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.